Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| **Седмица: 3** **Час: 5**<br>**Датум:** | | | **Тема 1: Основи на користење компјутер и друга ИТ**<br>**Наставна единица: Правила за работа со компјутер** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 10 мин. | Да ги познава и почитува основните правила за работа на компјутер | **<u>Сите можат:</u>**<br>да наведат правила на однесување во училиште и на други места | Учениците набројуваат правила на однесување кога сме на училиште. Каде на друго место постојат правила на однесување? Објасни што се случува ако не се почитуваат правилата на однесување на тие места. Најава на целта на часот. | З<br>техника Бура на идеи;<br>метод на објаснување | Хартија, моливи фломастери<br><br>Флип чарт<br><br>Учебник | Набљудување |
| 20 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да наведат правила за работа со компјутер во училница и дома | - Учениците се делат во 6 групи од кои 3 групи пишуваат **правила за работа со компјутер во училница**, а другите 3 групи пишуваат **правила за работа со компјутер дома**. Правилата се темелат на нивните лични искуства. Потоа ги читаат напишаните правила за работа со компјутер во училница и дома.<br>- На табла ги истакнуваат правилата за работа со компјутер во училница и посебно правилата за работа со компјутер дома, а потоа на Венов дијаграм изработен на флип чарт ги групираат правилата.<br>- Изработените правила за правилно користење на компјутерите се истакнуваат на видно место во училницата. | Г<br>метод на практична работа;<br>техника Венов дијаграм | | Дискусија<br>Прашања<br>Одговори |
| 10 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да наведат и други правила за користење на компјутерите | Учениците ги читаат правилата дадени во учебникот на стр. 12. | З | | Дискусија |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги/групи/ возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: Наведуваат правила на однесување во училиште<br>Главен дел: Групна работа и пишување правила за работа со компјутер во училница и дома; изработка на Венов дијаграм со наведените правила, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Дополнување на правилата за работа со компјутер | | | Да нацртаат знаци што ги претставуваат напишаните правила. | | | правила на однесување, почитување, правила на работа со компјутер, дома, во училница |

obrazovanie.literatura.mk